# Службен весник
## на Република Македонија

**Број 192** | **26 декември 2017, вторник** | **година LXXIII**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**


**СОДРЖИНА**


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 3845. | **Одлука** за објавување јавен оглас за избор на главен државен ревизор на Државниот завод за ревизија....... | 2 |
| 3846. | **Декларација** за забрзување на реформските и интегративните процеси за зачленување на Република Македонија во Европската Унија и НАТО................................................ | 2 |
| 3847. | **Одлука** за отповикување од должноста управител на Друштвото за производство, промет и услуги ПРЕПОРОД ДООЕЛ Скопје............ | 4 |
| 3848. | **Одлука** за избор на в.д. управител на Друштво за производство, промет и услуги ПРЕПОРОД ДООЕЛ Скопје................................................ | 4 |
| 3849. | **Одлука** за избор на в.д. управител на Друштвото за производство, промет и услуги ЕКОНОМИЈА-ИДРИЗОВО ДООЕЛ Скопје............ | 4 |
| 3850. | **Решение** за формирање Совет за реформа на јавната администрација................................................ | 4 |
| 3851. | **Решение** за именување член на Управниот одбор на Централниот регистар на Република Македонија................................................ | 5 |
| 3852. | **Решение** за именување член на Управниот одбор на Јавното претпријатие „Стрежево“ - Битола.......... | 5 |
| 3853. | **Решение** за утврдување на престанок на мандат и определување на претставници во Управниот одбор на Фондот на холокаустот на Евреите од Македонија............................ | 5 |
| 3854. | **Решение** за разрешување в.д претседател и именување претседател на Комисијата за право на поврат на средствата на Агенцијата за филм на Република Македонија....... | 5 |
| 3855. | **Решение** за разрешување член на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Неготино...................................... | 5 |
| 3856. | **Решение** за разрешување член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом „Д-р Хаим Абраванел“ – Битола...... | 6 |

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 3857. | **Решение** за разрешување член на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Кавадарци...................................... | 6 |
| 3858. | **Решение** за разрешување од должноста член на Управниот одбор на ЈУ Завод за рехабилитација на деца и младинци - Скопје......................... | 6 |
| 3859. | **Решение** за разрешување член на Органот за надзор на ЈУ Детски дом „11 Октомври“- Скопје............. | 6 |
| 3860. | **Решение** за именување в.д. директор на Државниот просветен инспекторат....................................... | 6 |
| 3861. | **Решение** за именување член на Управниот одбор на ЈУ Национален парк Пелистер - Битола, претставник од општина на чие подрачје се наоѓа Националниот парк......... | 7 |
| 3862. | **Решение** за разрешување и именување член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом - Кратово................ | 7 |
| 3863. | **Решение** за разрешување од должноста определен претседател и членови на Комитетот за одобрување на инвестиции на Фондот за иновации и технолошки развој.................. | 7 |
| 3864. | **Анекс** кон Договорот за меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Кичево и Општина Пласница...... | 7 |
| | **Огласен дел**..................................... | 1-40 |


# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**3845.**

Врз основа на членот 68, став 2 од Уставот на Република Македонија и членот 5 од Законот за државната ревизија („Службен весник на Република Македонија“ број 66/10, 145/10, 12/14, 43/14, 154/15, 192/15 и 27/16) Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 22 декември 2017 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ ЈАВЕН ОГЛАС ЗА ИЗБОР НА ГЛАВЕН ДРЖАВЕН РЕВИЗОР НА ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

I. Собранието на Република Македонија објавува јавен оглас за избор на главен државен ревизор на Државниот завод за ревизија.

II. За главен државен ревизор на Државниот завод за ревизија може да биде избрано лице кое ги исполнува следниве услови:

1) да е државјанин на Република Македонија;

2) да има високо образование од областа на економските или правните науки;

3) да има најмалку седум години искуство во областа на економијата или правото;

4) поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години:

- ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 74 бода,
- ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,
- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,
- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен или
- БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода.

5) има положено психолошки тест и тест за интегритет;

6) да не врши друга јавна функција или професија, да не е член во органи на политичка партија, член на управен одбор, надзорен одбор или кој било друг орган кај друг правен субјект и

7) да не му е изречена прекршочна санкција, односно казна забрана за вршење на професија, дејност или должност.

III. Пријавата за учество на овој оглас, личната биографија и потребните документи за докажување на исполнувањето на условите од точката II. на оваа одлука, во оригинал или заверена копија на нотар, заинтересираните кандидати треба да ги поднесат до Собранието на Република Македонија во рок од 30 дена од денот на објавувањето на оваа одлука во „Службен весник на Република Македонија“.

Заинтересираните кандидати, со документите од ставот 1 на оваа точка треба да достават и лична изјава заверена на нотар за исполнување на условите од подточка 6) на точката II. од оваа одлука.

IV. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“ и во дневните весници „Нова Македонија“, „Слободен печат“ и „Koha“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

| | |
|---|---|
| Број 08 - 4794/1 | Претседател на Собранието |
| 22 декември 2017 година | на Република Македонија, |
| Скопје | м-р **Талат Џафери,** с.р. |

---

**3846.**

Врз основа на членот 68, став 2 од Уставот на Република Македонија и членот 184 став 1 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 25 декември 2017 година, донесе

## Д Е К Л А Р А Ц И Ј А
## ЗА ЗАБРЗУВАЊЕ НА РЕФОРМСКИТЕ И ИНТЕГРАТИВНИТЕ ПРОЦЕСИ ЗА ЗАЧЛЕНУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА И НАТО

Поаѓајќи од стратешката определба на Република Македонија за членство во Европската Унија и НАТО, потврдена од моментот на нејзиното осамостојување во 1991 година,

Имајќи ги предвид:

- Заклучоците на Претседателството од состанокот на Европскиот совет во Солун на 19 и 20 јуни 2003 година во врска со перспективите на земјите од Западен Балкан за приклучување во Унијата,

- Договорот за стабилизација и асоцијација меѓу Европските заедници и нивните земји-членки, од една страна и Република Македонија, од друга,

- Одлуката на Европскиот совет од 16 декември 2005 година да и се додели на земјата статус на кандидат за членство во Европската Унија,

- Извештајот на Европската комисија за Република Македонија за 2009 година, кога Европската комисија препорача почеток на пристапните преговори со Република Македонија, како и последователните препораки во Извештаите од 2010, 2011, 2012, 2013 и 2014, 2015 и 2016 година,

- Итните реформски приоритети на Комисијата за Република Македонија од јуни 2015 година, препораките на групата на високи експерти за системски прашања во врска со владеењето на правото,

- Декларацијата за развој на односите на Република Македонија со Европската Унија донесена од Собранието на Република Македонија на 4 февруари 1998 година, Декларацијата за подигнување на нивото на односите на Република Македонија со Европската Унија донесена од Собранието на Република Македонија на 23 ноември 2000 година, Декларација за улогата на Собранието на Република Македонија во Парламентарната димензија на процесот за стабилизација и асоцијација од 11 јуни 2003 година, Декларацијата за поднесување на барање за членство на Република Македонија во Европската Унија донесена на 13 февруари 2004 година, Резолуцијата за приоритетите за пристапувањето на Република Македонија во Европската Унија и отворањето преговори за членство во Европската Унија од 27 ноември 2007 година и Резолуцијата за приоритетите во 2009 за пристапувањето на Република Македонија во Европската Унија донесена на 15 декември 2008 година,

- Одлуката за стапување на Република Македонија во членство во Северно-Атлантската договорна организација-НАТО донесена од Собранието на Република Македонија на 23 декември 1993 година, Декларацијата за подигнување на нивото на односите и соработката меѓу Република Македонија и НАТО донесена од Собранието на Република Македонија на 21 мај 2004 година, Декларацијата за барање на поддршка за прием на Република Македонија во НАТО донесена на 19 јуни 2007 година и Декларацијата за реафирмирање на определбата за реализација на стратешката цел за членство на Република Македонија во НАТО донесена на 25 април 2012 година.

Собранието на Република Македонија:

1. Ја потврдува својата натпартиска сплотеност околу заедничките напори за обезбедување на позитивна клима со цел реализација на државната стратешка определба, членството во Европската Унија, како заедничка цел на сите политички чинители кои се дел од Собранието на Република Македонија.

2. Ја поттикнува Владата на Република Македонија за доследно, неодложно и итно спроведување на сите активности, предвидени во препораките кои произлегуваат од Извештајот на Европската комисија за Република Македонија за 2016 година, како и приоритетите кои произлегуваат од Итните реформски приоритети од 2015 година.

3. Ја поттикнува Владата на Република Македонија за натамошно усогласување на законодавство на Република Македонија со законодавството на Унијата, согласно со Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија.

4. Се залага за независна судска власт, транспарентност и ефикасност на судството.

5. Ја потврдува посветеноста кон бескомпромисната борба против корупцијата.

6. Се залага за професионална администрација, заснована на принципот на квалитет, стручност и компетентност.

7. Го потенцира значењето на јакнењето на независните регулаторни тела и изразува подготвеност за јакнење на сопствената улога во оваа насока.

8. Се залага за спроведување на реформите во системот за разузнавање и системот за следење на комуникациите, насочени кон ефикасно функционирање и обезбедување на владеењето на правото.

9. Го потенцира значењето на социјалната кохезија и добрите меѓуетнички односи. Се залага за следење на целосната имплементација на Охридскиот рамковен договор во согласност со Уставот на Република Македонија.

10. Ја потврдува определбата за унапредување на односите со соседните земји, преку рамноправен и конструктивен дијалог, како суштински придонес за стабилноста во регионот и за унапредување на евро-атлантските процеси при што упатува на потребата на вклученост на Собранието на Република Македонија во тој дијалог.

11. Ги повикува земјите членки и институциите на Европската Унија да дадат засилена поддршка на интегративните процеси и реформите за пристапување кон ЕУ и НАТО.

12. Ја повикува Владата редовно и сеопфатно да го известува и вклучи Собранието во сите аспекти на пристапниот процес во ЕУ и НАТО.

13. Оваа Декларација да се достави до претседателот на Европскиот парламент, претседавачот со Советот на министри на Европската Унија и претседателот на Европскиот совет, до генералниот секретар на НАТО, до претседателот на Парламентарното Собрание на НАТО, до претседателот и членовите на Европската комисија, како и до претседателите на парламентите на земјите членки на ЕУ и НАТО и

14. Оваа Декларација ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

| | |
|---|---|
| Бр. 08-4850/1 | Претседател на Собранието |
| 25 декември 2017 година | на Република Македонија, |
| Скопје | м-р **Талат Џафери,** с.р. |

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**3847.**

Врз основа на член 215 став 1 алинеја 2 од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр. 28/2004, 84/2005, 25/2007, 87/2008, 42/2010, 48/2010, 24/2011, 166/2012, 70/2013, 119/2013, 120/2013, 41/2014, 138/2014, 88/2015, 192/2015, 6/2016, 30/2016 и 61/2016), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 19 декември 2017 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОТПОВИКУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА УПРАВИТЕЛ НА ДРУШТВОТО ЗА ПРОИЗВОДСТВО, ПРОМЕТ И УСЛУГИ ПРЕПОРОД ДООЕЛ СКОПЈЕ**

1. Бобан Стојаноски се отповикува од должноста управител на Друштвото за производство, промет и услуги ПРЕПОРОД ДООЕЛ Скопје, на негово барање.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 24-8585/1
19 декември 2017 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

---

**3848.**

Врз основа на член 243 став 1 од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр. 28/2004, 84/2005, 25/2007, 87/2008, 42/2010, 48/2010, 24/2011, 166/2012, 70/2013, 119/2013, 120/2013, 41/2014, 138/2014, 88/2015, 192/2015, 6/2016, 30/2016 и 61/2016) и член 36 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014 и 196/2015), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 19 декември 2017 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗБОР НА В.Д. УПРАВИТЕЛ НА ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО, ПРОМЕТ И УСЛУГИ ПРЕПОРОД ДООЕЛ СКОПЈЕ**

1. За вршител на должноста управител на Друштво за производство, промет и услуги ПРЕПОРОД ДООЕЛ Скопје, се избира Ивица Здравески.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 24-8586/1
19 декември 2017 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

---

**3849.**

Врз основа на член 243, став 1 од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр. 28/2004, 84/2005, 25/2007, 87/2008, 42/2010, 48/2010, 24/2011, 166/2012, 70/2013, 119/2013, 120/2013, 41/2014, 138/2014, 88/2015, 192/2015, 6/2016, 30/2016 и 61/2016) и член 36, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014 и 196/2015), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 19 декември 2017 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗБОР НА В.Д. УПРАВИТЕЛ НА ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО, ПРОМЕТ И УСЛУГИ ЕКОНОМИЈА - ИДРИЗОВО ДООЕЛ СКОПЈЕ**

1. За вршител на должноста управител на Друштво за производство, промет и услуги ЕКОНОМИЈА - ИДРИЗОВО ДООЕЛ Скопје, се избира Југослав Парговски.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 24-8589/1
19 декември 2017 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

---

**3850.**

Врз основа на член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014, 196/2015 и 142/2016), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 19 декември 2017 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ФОРМИРАЊЕ СОВЕТ ЗА РЕФОРМА НА ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА**

1. Со ова решение се формира Совет за реформа на јавната администрација, заради следење на постигнувањето на целите поставени во Стратегијата за реформа на јавна администрација 2018-2022 година, како и за координација на целокупниот процес на реформата на јавната администрација.

2. Советот за реформа на јавната администрација го сочинуваат:

а) Претседател

- Зоран Заев, претседател на Владата на Република Македонија и

б) членови:

- Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата задолжен за европски прашања;
- Хазби Лика – заменик на претседателот на Владата задолжен за рамковен договор и политички систем;
- Дамјан Манчевски – министер за информатичко општество и администрација;
- Драган Тевдовски – министер за финансии;
- Мила Царовска – министер за труд и социјална политика;
- Роберт Поповски – министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност;
- Билен Саљиџи – министер за правда;
- Сухејл Фазлиу – министер за локална самоуправа;
- Драги Рашковски – генерален секретар на Владата на Република Македонија;
- Лила Пејчиновска Миладиновска – секретар на Секретаријатот за законодавство;
- Спасе Глигоров- директор на Агенција за администрација и
- Претставник на Заедницата на единиците на локалната самоуправа (ЗЕЛС)

3. Со денот на влегувањето во сила на ова решение престанува да важи Решението за формирање Комитет за реформи во државната администрација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 89/2009).

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 24-8582/1 Претседател на Владата
19 декември 2017 година на Република Македонија,
Скопје **Зоран Заев,** с.р.

---

**3851.**

Врз основа на член 5 од Законот за централен регистар („Службен весник на Република Македонија“ бр. 50/2001, 49/2003, 109/2005, 88/2008, 35/2011, 43/2014, 199/2014, 97/2015, 153/2015 и 27/2016), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 19 декември 2017 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЦЕНТРАЛНИОТ РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

1. За член на Управниот одбор на Централниот регистар на Република Македонија, се именува Александар Трајковски.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 24-8583/1 Претседател на Владата
19 декември 2017 година на Република Македонија,
Скопје **Зоран Заев,** с.р.

---

**3852.**

Врз основа на член 17 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/1996, 9/1997, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 138/2014, 25/2015, 61/2015 и 39/2016), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 19 декември 2017 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ „СТРЕЖЕВО“ - БИТОЛА**

1. За член на Управниот одбор на Јавното претпријатие „Стрежево“ - Битола, се именува Соња Карапец.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 24-8584/1 Претседател на Владата
19 декември 2017 година на Република Македонија,
Скопје **Зоран Заев,** с.р.

---

**3853.**

Врз основа на член 63-в, став 4 од Законот за денационализација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 20/98, 31/2000, 42/2003, 44/2007, 72/2010, 171/2010, 55/2013, 33/2015 и 104/2015) и член 3 од Одлуката за основање на Фонд на холокаустот на Евреите од Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 28/2002), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 19 декември 2017 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПРЕСТАНОК НА МАНДАТ И ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПРЕТСТАВНИЦИ ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА ФОНДОТ НА ХОЛОКАУСТОТ НА ЕВРЕИТЕ ОД МАКЕДОНИЈА**

1. На Софија Печевска и се утврдува престанок на должноста претставник во Управниот одбор на Фондот на холокаустот на Евреите од Македонија, предложена од Владата на Република Македонија.

2. За претставници определени од Владата на Република Македонија во Управниот одбор на Фондот на холокаустот на Евреите од Македонија се определуваат:

- Алберт Муслиу и
- Томислав Османли.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 24-8587/1 Претседател на Владата
19 декември 2017 година на Република Македонија,
Скопје **Зоран Заев,** с.р.

---

**3854.**

Врз основа на член 50 од Законот за филмската дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/2013, 18/2014, 44/2014, 129/2015, 152/2015 и 39/2016), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 19 декември 2017 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ В.Д. ПРЕТСЕДАТЕЛ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ НА КОМИСИЈАТА ЗА ПРАВО НА ПОВРАТ НА СРЕДСТВАТА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ФИЛМ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

1. Од должноста в.д. претседател на Комисијата за право на поврат на средствата на Агенцијата за филм на Република Македонија, се разрешува Севдие Исмаили.

2. За претседател на Комисијата за право на поврат на средствата на Агенцијата за филм на Република Македонија, се именува Елвис Алоски.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 24-8588/1 Претседател на Владата
19 декември 2017 година на Република Македонија,
Скопје **Зоран Заев,** с.р.

---

**3855.**

Врз основа на член 107 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/2009, 36/2011, 51/2011, 166/2012, 15/2013, 79/2013, 164/2013, 187/2013, 38/2014, 44/2014, 116/2014, 180/2014, 33/2015, 72/2015, 104/2015, 150/2015, 173/2015, 192/2015, 30/2016 и 163/2017) и член 36, став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014 и 196/2015), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 19 декември 2017 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ЧЛЕН НА ОРГАНОТ ЗА НАДЗОР НА ЈУ МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА НЕГОТИНО**

1. Од должноста член на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Неготино, се разрешува Тања Манева, на нејзино барање.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 24-8590/1 Претседател на Владата
19 декември 2017 година на Република Македонија,
Скопје **Зоран Заев,** с.р.

---

**3856.**

Врз основа на член 100 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/2012, 145/2012, 87/2012, 164/2013, 39/2014, 43/2014, 132/2014, 188/2014, 10/2015, 61/2015, 154/2015, 192/2015, 17/2016 и 37/2016), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 19 декември 2017 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР - ПРЕТСТАВНИК НА ОСНОВАЧОТ НА ЈЗУ ЗДРАВСТВЕН ДОМ „Д-Р ХАИМ АБРАВАНЕЛ“ – БИТОЛА**

1. Од должноста член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом „Д-р Хаим Абраванел“ – Битола, се разрешува Пеце Матевски, на негово барање.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 24-8592/1 Претседател на Владата
19 декември 2017 година на Република Македонија,
Скопје **Зоран Заев,** с.р.

---

**3857.**

Врз основа на член 107 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/2009, 36/2011, 51/2011, 166/2012, 15/2013, 79/2013, 164/2013, 187/2013, 38/2014, 44/2014, 116/2014, 180/2014, 33/2015, 72/2015, 104/2015, 150/2015, 173/2015, 192/2015, 30/2016 и 163/2017) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014 и 196/2015), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 19 декември 2017 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ЧЛЕН НА ОРГАНОТ ЗА НАДЗОР НА ЈУ МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА КАВАДАРЦИ**

1. Од должноста член на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Кавадарци, се разрешува Александар Митрев, на негово барање.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 24-8594/1 Претседател на Владата
19 декември 2017 година на Република Македонија,
Скопје **Зоран Заев,** с.р.

---

**3858.**

Врз основа на член 100, став 2 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/2009, 36/2011, 51/2011, 166/2012, 15/2013, 79/2013, 164/2013, 187/2013, 38/2014, 44/2014, 116/2014, 180/2014, 33/2015, 72/2015, 104/2015, 150/2015, 173/2015, 192/2015, 30/2016 и 163/2017) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014 и 196/2015), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 19 декември 2017 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈУ ЗАВОД ЗА РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ - СКОПЈЕ**

1. Од должноста член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈУ Завод за рехабилитација на деца и младинци - Скопје, се разрешува Горан Симоновски, на негово барање.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 24-8595/1 Претседател на Владата
19 декември 2017 година на Република Македонија,
Скопје **Зоран Заев,** с.р.

---

**3859.**

Врз основа на член 107 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/2009, 36/2011, 51/2011, 166/2012, 15/2013, 79/2013, 164/2013, 187/2013, 38/2014, 44/2014, 116/2014, 180/2014, 33/2015, 72/2015, 104/2015, 150/2015, 173/2015, 192/2015, 30/2016 и 163/2017) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014 и 196/2015), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 19 декември 2017 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ЧЛЕН НА ОРГАНОТ ЗА НАДЗОР НА ЈУ ДЕТСКИ ДОМ „11 ОКТОМВРИ“- СКОПЈЕ**

1. Од должноста член на Органот за надзор на ЈУ Детски дом „11 Октомври“- Скопје, се разрешува Владимир Станивуковиќ, на негово барање.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 24-8598/1 Претседател на Владата
19 декември 2017 година на Република Македонија,
Скопје **Зоран Заев,** с.р.

---

**3860.**

Врз основа на член 5 од Законот за просветната инспекција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/2005, 81/2008, 148/2009, 57/2010, 51/2011, 24/2013, 137/2013, 164/2013, 41/2014, 33/2015, 145/2015 и 30/2016), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 19 декември 2017 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ В.Д. ДИРЕКТОР НА ДРЖАВНИОТ ПРОСВЕТЕН ИНСПЕКТОРАТ**

1. За вршител на должноста директор на Државниот просветен инспекторат, орган во состав на Министерството за образование и наука, се именува Томе Спировски, досегашен вршител на должноста директор.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 24-8602/1
19 декември 2017 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

---

**3861.**

Врз основа на член 138, став 1 и 2 од Законот за заштита на природата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/2004, 14/2006, 84/2007, 35/2010, 47/2011, 148/2011, 59/2012, 13/2013, 163/2013, 41/2014, 146/2015, 39/2016 и 63/2016), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 19 декември 2017 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈУ НАЦИОНАЛЕН ПАРК ПЕЛИСТЕР - БИТОЛА, ПРЕТСТАВНИК ОД ОПШТИНА НА ЧИЕ ПОДРАЧЈЕ СЕ НАОЃА НАЦИОНАЛНИОТ ПАРК**

1. За член на Управниот одбор на Јавната установа Национален парк Пелистер - Битола, претставник од општина на чие подрачје се наоѓа Националниот парк се именува Билјана Поповска - Талевска.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 24-8603/1
19 декември 2017 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

---

**3862.**

Врз основа на член 100 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/2012, 145/2012, 87/2012, 164/2013, 39/2014, 43/2014, 132/2014, 188/2014, 10/2015, 61/2015, 154/2015, 192/2015, 17/2016 и 37/2016), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 19 декември 2017 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР - ПРЕТСТАВНИК НА ОСНОВАЧОТ НА ЈЗУ ЗДРАВСТВЕН ДОМ - КРАТОВО**

1. Од должноста член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом - Кратово, се разрешува Никола Димитровски.

2. За член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом - Кратово, се именува Радица Страхилова.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 24-8604/1
19 декември 2017 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

**3863.**

Врз основа на член 29, став 3 и член 31, став 12 од Законот за иновациската дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/2013, 137/2013, 41/2014, 44/2015, 6/2016, 53/2016 и 190/2016) Владата на Република Македонија на седницата одржана на 28.11.2017 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ОПРЕДЕЛЕН ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА КОМИТЕТОТ ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ИНВЕСТИЦИИ НА ФОНДОТ ЗА ИНОВАЦИИ И ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ**

1. Од должноста определен претседател и членови на Комитетот за одобрување на инвестиции на Фондот за иновации и технолошки развој се разрешуваат:
- Ави Сахи (Avi Sahi),
- Ерик Дерије (Eric Durieux),
- Волфганг Книејски (Wolfgang Kniejski) - определен за претседател
- Сигне Виимсалу (Signe Viimsalu)
- Станфорд Блејд (Stanford Blade)

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-7479/2
28 ноември 2017 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

# ЛОКАЛНА САМОУПРАВА

**3864.**

**А Н Е К С**
**КОН ДОГОВОРОТ ЗА МЕЃУОПШТИНСКА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ ОПШТИНА КИЧЕВО И ОПШТИНА ПЛАСНИЦА**

Склучен помеѓу:
1. Општина Кичево претставувана од градоначалникот на општината Фатмир Дехари во понатамошниот текст давател на услуга.
2. Општина Пласница претставувана од градоначалникот на општината Исмаил Јахоски во понатамошниот текст корисник на услуга.

Член 1

Со овој Анекс на договор се врши изменување и дополнување на Договорот за меѓуопштинска соработка со бр. 03-599/1 од 1.10.2013 година (на Општина Пласница) и бр. 08-2899/1 од 1.10.2013 година (на Општина Кичево).

Член 2

Членот 5 од горенаведениот договор се менува и гласи: „Овој Договор се склучува на неопределено време и почнува да важи од денот на потпишувањето“.

Член 3

Сите други одредби од Договорот за меѓуопштинска соработка со бр. 03-599/1 од 1.10.2013 година остануваат непроменети.

Член 5

Овој Анекс на договор стапува во сила со денот на неговото потпишување од двете договорни страни.

Член 6

Овој Анекс на Договор е составен во 4 (четири) примероци, од кои секоја страна задржува по 2 (два) примероци.

09-1798/2
11 август 2017 година
Давател на услуга
Општина Кичево
Градоначалник
**Фатмир Дехари,** с.р.

бр. 03-339/2
15 август 2017 година
Корисници на услуга
Општина Пласница
Градоначалник
**Исмаил Јахоски,** с.р.

Службен весник
на Република Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о. – Скопје
бул. „Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
в. д. директор и одговорен уредник – Мартин Костовски
телефон: +389-2-55 12 400
телефакс: +389-2-55 12 401

Претплатата за 2017 година изнесува 10.100 денари.
„Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.
Печат: Печатница ЕВРОПА 92 ДООЕЛ, Кочани.

ISSN 0354-1622
2017192